ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА НАЦИОНАЛНАТА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА,
# ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, декември 2023 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: E pranuar: | 20. 12. 2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 6600/1 | | |

**ДО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон Националната развојна стратегија, по скратена постапка.

**ПРАТЕНИЦИ:**



2

**ВОВЕД**

## I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Процесот на создравање на долгорочни државни стратегии како современи и иновативни модели на развој, адаптирани на домашниот контекст и базирани на широка и значајна консултација со сите засегнати страни е значајна алатка, која се користи во земјите од регионот и пошироко. Со овие развојни документи се отсликува меѓугенерациски, родов, меѓупартиски и долгорочен консензус за приоритетите на државите, со цел да се обезбеди инклузивен и одржлив развој. Преку овие постапки на креирање на долгорочни стратешки документи се идентификуваат и зајакнат односите за сите стратешки важни процеси во државите.

Националната развојна стратегија како сеопфатен документ за економскиот, социјалниот, еколошкиот и културниот развој има за цел да обезбеди позитивна средина за национален консензус, долгорочни развојни приоритети, како и олеснување на политичкиот дијалог за стратешките цели, кои треба да ги решат клучните предизвици за државите.

Споредбените компаративни искуства на европските земји се добра основа и поткрепа кон подготовката на вакви национални документи за градење на долгорочна развојна стратегија.

Имено Словенија како резултат на овој процес ја засилила меѓу-секторската соработка и ги вклучила граѓаните рано во креирањето. Обезедувањето на кохерентност меѓу хоризонталните стратегии и работењето на трансформативните политики со засилени внатрешни капацитети за аналитика се механизимите кои се преземени во однос на креирањето на истата.

Хрватска го искористила моментот за внатрешна трансформација и реорганизација на админстрацијата и создавање на институционални структури и нејзината дологорочна стратегија се темелела на партиципација, учество и градење на нов социјален консензус за државните приоритети.

Германија ја насочила својата визија кон климатските политики и трансформација на индустријата.

Иако процесот на пишување на национална стратегија може да биде во различна форма, сепак, најчесто државите имаат тенденција да поминуваат низ процесот на:

- Создавање аналитичка основа,
- Идентификување на визијата, областите за стратешки развој, целите и придружните индикатори
- Спроведување јавен дијалог,
- Изработка на стратегија,
- Донесување формални одлуки за стратегијата и нејзините цели,
- Усвојување на стратегијата од Собранието со цел постигнување на национален консензус ,
- Спроведување на стратегијата преку креирање политики и

- Следење и проценка на напредокот.

Токму поради сето ова и компаративните искуства на европските земји, Националната развојна стратегија треба се создава низ инклузивен процес, преку кој се консултираат сите засегнати страни, вклучувајќи ги директно граѓаните, со цел конечниот документ за визијата и иднината да биде консензуален и натпартиски, како и генерациски, меѓуетнички, родово и социјално сеопфатен.

„Национална развојна стратегија - значењето на локалната самоуправа и регионалниот развој“ беше тема на јавната расправа и на Комисијата за локална самоуправа одржана на 6 септември 2023 година, која е организирана во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации УНДП, Канцеларијата на Постојаниот координатор на ОН во Северна Македонија, Фондот за добро управување на Обединетото Кралство и Министерството за финансии на Република Словачка.

На расправата беа поканети претставници од Заедницата на единиците на локалната самоуправа, министерот за финансии, заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, претставник на Генералниот секретаријат на Владата, директорите на Центрите за развој на планските региони, градоначалниците, експерти и претставници на меѓународни организации во земјава.

Врз основа на дискусиите од јавната расправа, Комисијата за локална самоуправа донесе заклучоци, и тоа :

1.Општините како главни двигатели на локалниот и регионалниот развој да располагаат со доволно ресурси, авторитет и капацитет за планирање и спроведување на развојни проекти прилагодени на локалните/регионалните потреби.

2.Премин од институционална во функционална децентрализација, етапно зголемување на приходите на општините за спроведување на пренесените надлежности, намалување на нагласените диспаритети помеѓу општините и планските региони, повисоки износи на наменски средства за стимулирање на меѓуопштинската соработка и остварување на рамномерен регионален развој.

3.Целосно интегрирање на целите за климатска акција и заштита на животната средина и биолошката разновидност во локалните и регионалните политики, ефективно справување со зачестените природни несреќи, поголем степен на отпорност на населените места и животната средина на поврзани ризици, сеопфатна политика за правична и воедначена транзиција кон зелена економија, осигурувајќи целосна инклузија во процесот.

4.Поддршка на дигиталната транзиција, зголемување на степенот на дигитална писменост и целосна достапност на локалните дигитални услуги за населението со забрзно приближување кон просекот на државите-членки на ЕУ-27.

5.Целосно спроведување на законските одредби и на поврзаните родово одговорни политики кои ќе создадат локално опкружување за еднакви можности за жените и мажите, како и социјалната и културната кохезија.

6.Поттикнување локален и економски развој во руралните средини со овозможување услови за отварање мали и средни претпријатија, како и меѓусебно инфраструктурно поврзување.

7.Активно учество на пратениците во процесот на финализирање на стратегијата и нејзината имплементација.

8.Активно учество на општините во процесот на спроведување на Националната развојна стратегија – Интегрирање и спроведување на НРС целите и приоритети преку развојните планови на општините и Програмите за развој на планските региони.

Комисијата за економски прашања и Комисијата за финансирање и буџет на 6 октомври 2023 година одржаа заедничка седница за јавна расправа на тема: „Иновативна и конкурентна економија" во која сите учесници го истакнаа значењето од постоење на еден ваков хиерархиски највисок долгорочен стратегиски плански документ за национален развој.

За процесот на подготовка на Националната развојна стратегија со обезбедена поддршка во рамките на проект спроведен од Програмата за развој на Обединетите нации УНДП преку активно вклучување на граѓаните од разни целни групи и значењето на истата, се дискутираше и на јавната расправа одржана од Комисијата за европски прашања на 9 октомври 2023 година на тема : „Владеење во функција на граѓаните во рамките на Комисијата за европски прашања".

Во однос на креирање на овој стратешки документ одржани се состаноци со претседателот на Собранието, потпретседателот на Собранието, претседатели на собраниските комисии, координаторите на пратеничките групи и генералната секретарка на Собранието, како и над 40 работилници, на кои своите идеи и визии за иднината ги споделија повеќе од 3.000 граѓани од различни категории.

Стратегиски плански документи во Република Северна Македонија се подготвуваат и предлагаат согласно со обврска која произлегува од закон, меѓународен договор ратификуван согласно Уставот или согласно утврдената потреба за унапредување на состојбите во одредена област или повеќе поврзани области на политиките. Имајќи предвид дека стратегиите се израз на јавни политики, потребно е воспоставување на механизми за кохерентно носење на јавните развојни политики, следење и оценување, намалување на стратешки шум, намалување на ризикот од преклопување на стратегиите во нивниот опфат и јакнење на координацијата и соработката помеѓу сите засегнати чинители во општеството во остварувањето на стратешките цели и приоритети. Еден таков механизам е донесувањето на една стратегија на национално ниво кое на долг рок ќе ги определи стратешките цели и приоритети за развојот на државата, која ќе се операционализира преку мултисекторски и секторски национални и локални стратегии.

Заради воспоставување на правен основ за креирање на овој значаен стратешки документ и надополнување на внатрешниот правен поредок на државата со посебен закон, кој ќе го уредува ова значајно прашање, во однос на статусот, структурата, подготовката, донесувањето, спроведувањето, следењето, известувањето и оценувањето, за кое постои национален консензус, се предлага ова законско решение.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Со воспоставувањето на законски основ за подготовка, донесување, спроведување, следење, известување и оценување на ваков стратешки документ,

чија цел е креирање на  потребните политики за обезбедување поголема флексибилност и отпорност на државата во справувањето со идните глобални или домашни предизвици, се овозможува ефикасна имплементација на секоја од политиките и утврдување на повратната информација за нејзината успешност.

**III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА**

Предлог на закон Националната развојна стратегија не предизвикува финансиски последици врз Републичкиот Буџет и другите јавни финансиски средства.

**IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ**

За спроведувањето на Предлог на закон Националната развојна стратегија не се потребни финансиски средства и истиот нема да има финасиски последици врз Републичкиот буџет.

**V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ**

Со оглед на тоа што не се работи за сложен и обемен закон, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлагаме Предлог на закон Националната развојна стратегија да се разгледа  по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА НАЦИОНАЛНАТА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на законот
Член 1

Со овој закон се уредуваат статусот, структурата, подготовката, донесувањето, спроведувањето, следењето, известувањето и оценувањето на Националната развојна стратегија на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Стратегијата).

Статус на плански документи
Член 2

(1) Плански документ за национален развој се Стратегијата и Програмата за спроведување на Стратегијата (во натамошниот текст: Програмата)

(2) Стратегијата е хиерархиски највисок долгорочен стратегиски плански документ за национален развој на Република Северна Македонија.

(3) Стратегија ги одразува темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, целите за одржлив развој на Организацијата на Обединетите Нации, темелните вредности на Европската Унија и другите меѓународни организации.

(4) Стратегија ги поддржува и овозможува реформите за интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија.

(5) Спроведбен документ за операционализација и спроведување на Стратегијата, со кој се овозможува целосен преглед на структурата на сите мерки е Програмата.

Структура на Стратегијата
Член 3

(1) Стратегијата како долгорочен плански документ ги дефинира клучните стратешки цели и во својата структура особено содржи:

1. визија за развојот на Република Северна Македонија;
2. развојни потреби и можности;
3. развојни области;
4. цели и приоритети за секоја општа цел;
5. показатели за успешност кои овозможуваат следење, известување и оценување на успешноста во остварување на општите цели и приоритети;
6. начела;

7. индикативен финансиски план;
8. рамка за следење на спроведувањето;
9. известување и оценување и

Подготовка и спроведување на Стратегијата

Член 4

(2) Подготовката и спроведувањето на Стратегијата ги одразува вредностите и целите од членот 2 став (2) од овој закон и се темели на следниве начела:

1. „Начело на партнерство и соработка“ претставува континуирана инклузивност и координација при подготовката, спроведувањето, следењето и евалуацијата на националните плански документи за национален развој и другите развојни плански документи меѓу Собранието, Владата, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, економските и социјалните партнери и претставниците на граѓанското општество;

2. „Начело на усогласеност и конзистентност на политиките“ претставува усогласеност на креираните политики, цели и резултати на хиерархиско пониско поставените плански документи со Стратегијата;

3. „Начело на долгорочност“ претставува долгорочен процес на Стратегијата, којшто ги утврдува главните параметри кон кои треба да се стреми државата;

4. „Начело на системски пристап“ е координација на институциите и градење капацитети за соработка со поголем фокус врз хоризонталните стратегии;

5.„Начело на вградена приспособливост“ се одржливи и прилагодливи придонеси, кои ги барат транзицијата, промените и развојот од сите релевантни чинители во текот на долг временски период;

6. „Начело на комплементарност“ е интеграција на сите тековни процеси и приоритети во сите сегменти на развојот на државата;

7. „Начело на усогласеност со политиките на Европската Унија“ претставува усогласување на областите и целите од Стратегијата, со стратегиите, политиките и законодавството на Европската Унија во соодветните области на политиките и приоритетите утврдени во стратешката агенда на Европската Комисија;

8. „Начело на сеопфатно финансирање“ е поттикнување сеопфатно финансирање (од домашни и меѓународни јавни и приватни фондови) преку промовирање на постојни и иновативни извори за остварување на приоритетите предвидени во Стратегијата;

9. „Начело на транспарентност“ се транспарентни консултации и вклученост на сите засегнати страни, во сите фази на процесот на планирањето, спроведувањето и известувањето на планските документи;

10. „Начело на одржливост“ е заснованост на Стратегијата врз трите столба на одржлив развој (економска, социјална и еколошка одржливост).;

11. „Начело на фискална одржливост на политиките“ е утврдување на фискално одржливи политики на долг рок, а на среден рок усогласени со

фискалните ограничувања утврдени во Фискалната стратегија и среднорочната буџетска рамка;

12. „Начело на релевантност, веродостојност и заснованост на докази“ преставува претходно спроведена сеопфатна и веродостојна анализа на состојбите и на клучните фактори, движења, услови и околности во сите области на делување, како основа за дефинирање на развојните потреби и можности засновани на веродостојни, проверливи и споредливи податоци, како и проценка на влијание на политиките во областите опфатени во Стратегијата;

13. „Начело на економичност, ефикасност и ефективност“ преставува дефинирани соодветни показатели на успешност за сите поставени цели, кои се разбирливи, мерливи и економични, со оптимизирање на трошоците, а соодносот помеѓу трошокот и придобивките да е прифатлив.

(2) Политиките кои се утврдуваат со Стратегијата треба да обезбедуваат развивање на одржлива, општествено правична и климатски неутрална економија.

(3) Утврдените мерки не треба да создаваат непропорционален финансиски или друг товар за идните генерации.

(4) Процесот на планирање, спроведување и оценка на учинокот и ефектите од спроведување треба да биде цикличен и да се заснова на искуства и поуки од претходните процеси на планирање и спроведување на Стратегијата.

Донесување на Стратегијата и Програмата

Член 5

(1) Стратегијата се донесува за период од 20 години.

(2) Програмата се донесува за период од пет години, заедно со Стратегијата односно најдоцна шест месеци пред истекот на тековниот плански период.

(3) Собранието на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Собранието) на предлог на Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата), ги донесува Стратегијата и Програмата.

Усогласување на стратегиски плански документи со Стратегијата

Член 6

(1) Сите стратегиски плански документи, кои се подготвуваат и предлагаат согласно со закон, меѓународен договор ратификуван согласно Уставот на Република Северна Македонија или согласно утврдената потреба за унапредување на состојбите во одредена област или повеќе поврзани области на политиките, мора да се усогласени односно да придонесуваат за остварување на развојните цели и приоритети утврдени со Стратегијата.

(2) Структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на стратегиските плански документи од ставот (1) на овој член со подзаконски акт ги пропишува Владата, доколку поинаку не е пропишано со закон.

(3) Начинот на усогласување на стратегиските плански документи од ставот (1) на овој член со Стратегијата, со подзаконски акт го пропишува Владата.

## II. ПЛАНИРАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕТО И ОЦЕНУВАЊЕТО

### Планирање, следење и известување за спроведување на Стратегијата и Програмата

Член 7

(1) При планирање на спроведувањето на Стратегијата и на Програмата, Владата имајќи ги предвид изјавата за фискалната политика, фискалните принципи и правила, Програмата за работа на Владата, анализата на остварените резултати од спроведувањето на стратешките приоритети на Владата од предходната година, развојните стратешки плански документи, секторските стратегии и проценката на актуелните општествено-економски и социјални состојби во државата, најдоцна до 15 декември во тековната година ги утврдува стратешките приоритети најмалку за наредните пет години.

(2) Потребните трошоци за спроведување на активностите содржани во програмите, потпрограмите, проектите и мерките вклучени во стратешкиот план се во рамките на максималните износи на расходи (расходни лимити) утврдени во Фискалната стратегија. Стратешкиот план се усогласува и утврдува согласно со ревидираната фискална стратегија и донесениот буџет.

(3) Општините, општините во градот Скопје и градот Скопје обезбедуваат спроведување на Стратегијата во рамките на нивните надлежности.

(4) Следење на спроведувањето на Стратегијата согласно Програмата и Годишната програма за работа на Владата врши Генералниот секретаријат на Владата со Годишен извештај за спроведување на Стратегијата, кој содржи пресек на реализирани активности во тековната година.

(5) Следење на спроведувањето на Стратегијата согласно планските акти односно документи од ставот (2) на овој член, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје го вршат со извештај, кој го усвојува советот на општината односно Советот на градот Скопје најдоцна до крајот на декември во тековната година, кој се објавува во службеното гласило на општината, односно на градот Скопје.

(6) Податоците од планските документи односно акти од ставот (5) на овој член и другите податоци за подготовка на годишниот извештај од ставот (4) на овој член ги прибавува Генералниот секретаријат на Владата и истите се составен дел од Годишниот извештај за спроведување на Стратегијата.

(7) Годишниот извештај за спроведување на Стратегијата од претходната година Владата го доставува до Собранието до крајот на март во тековната за наредната година.

### Оценување на Стратегијата и Програмата

### Член 8

(1) Генералниот секретаријат на Владата обезбедува оценување на успешноста на спроведувањето на Стратегијата, најмалку еднаш за период од пет години од денот на донесувањето на Стратегијата. Оценувањето на успешноста на Стратегијата може да се спроведе за период пократок од пет години на иницијатива на Владата. Резултатите од оценката се објавуваат во рамките на Извештајот од членот 7 став (4) од овој закон.

(2) Начинот на спроведување на оценување на успешноста на спроведувањето на Стратегијата од ставот (1) на овој член со подзаконски акт го пропишува Владата.

(3) По спроведеното оценување од ставот (1) на овој член, Владата или Собранието може да предложат ажурирање на Стратегијата.

## III. УПРАВУВАЧКА СТРУКТУРА

### Управувачка структура

### Член 9

Планирањето на спроведување на Стратегијата и на Програмата го врши Национален совет за развој како дел од управувачката структура, која ја сочинуваат и помошните тела: Управен одбор и Работен комитет.

### Организација на Советот и помошните тела на Советот

### Член 10

(1) Советот и помошните тела на Советот се организираат врз основа на овој закон и актот за формирање на Советот.

(2) Начинот на работа на Советот и помошните тела на Советот се уредува со Деловник.

(3) Стручната, административно-техничката поддршка на работата на Советот и помошните тела на Советот и координацијата на работата на Работниот комитет од членот 14 од овој закон ја обезбедува Генералниот секретаријат на Владата.

(4) Просторните и техничките услови за непречено извршување на задачите од делокругот на активности на Советот и помошните тела на Советот ги обезбедува Генералниот секретаријат на Влада.

### Национален совет за развој

### Член 11

(1) Владата го формира Национален совет за развој (во натамошниот текст: Советот), како постојано советодавно тело на Владата.

(2) Членовите на Советот се именуваат и разрешуваат од Владата.

(3) Членови на Советот се:

1. претседателот на Владата и неговите заменици;

2. еден претставник од Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија;

3. еден претставник од Кабинетот на претседателот на Собранието;

4. координаторите на пратеничките групи и по еден пратеник од политичките партии застапени во Собранието кои не се организирани во пратеничка група;

5. министерот за финансии;

6. министерот за економија

7. министерот за одбрана;

8. претседателот на Македонската академија на науките и уметностите;

9. генералниот секретар на Владата;

10. по еден претставник од:

а) Стопанската комора на Северна Македонија,

б) Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии;

в) Стопанската комора на северо-западна Македонија и

г) Сојузот на стопански комори на Македонија;

11. претседателот на Заедницата на единиците на локалната самоуправа;

12. претседателите на осумте совети за развој на планските региони;

13. по еден претставник од репрезентативните синдикати;

14. претставници од установите од високото образование, со потесна специјалност од областа на стратешки развој, економија, социјален развој и заштита на животната средина, номинирани од јавните универзитети;

15. тројца претставници на здруженија номинирани од Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, од кои најмалку еден претставник на здруженија од областа на заштита на маргинализираните лица и

16. двајца претставници на млади, номинирани од Националниот совет на млади.

(4) Членовите на Советот од ставот (3) точки 9, 10, 11, 12, 13, 14 и 15 на овој член се именуваат за период од три години.

(5) Во работата на Советот може да учествуваат и претставници на други државни органи или здруженија.

(6) Со Советот претседава претседателот на Владата или во негова спреченост или отсуство еден од замениците на претседателот на Владата, определен од негова страна.

### Надлежност на Советот
### Член 12

(1) Советот ја организира подготовката на Стратегијата и Програмата, го разгледува нацрт текстот и го доставува предлог текстот до Владата.

(2) Советот дава мислења и препораки за планирањето, спроведувањето и следењето на спроведувањето на Стратегијата, утврдувањето и примената на средствата и начините за финансирањето на Стратегијата.

(3) Советот ги врши и следниве работи:

1. дава мислења и препораки за визијата и клучните развојни насоки и стратешки цели и приоритети на Република Северна Македонија;

2. разгледува прашања од областа на политиките за стратешки развој во Република Северна Македонија;

3. развива соработка со релевантни институции во земјата и странство по однос на прашања од стратешки развој;

4. разгледува конкретни прашања и проблеми поврзани со стратешкиот развој;

5. дава предлози поврзани со содржината, методологијата и динамиката на подготовка на Стратегијата;

6. предлага финансиска рамка до Министерството за финансии за спроведување на Стратегијата;

7. дава предлози до Владата за ажурирање на Стратегијата и

8. разгледува и други прашања од значење за стратешкиот развој на Република Северна Македонија.

### Управен одбор
### Член 13

(1) Управниот одбор е помошно тело на Советот, кое обезбедува стратешка и партнерска соработка на Советот со меѓународната заедница, меѓународните финансиски институции и донаторите.

(2) Членови на Управниот одбор се претседателот на Владата или заменик на претседателот на Владата предложен од негова страна и министерот за финансии.

### Работен комитет
### Член 14

(1) Работниот комитет е помошно тело на Советот кое обезбедува експертска и техничка поддршка на Советот.

(2) Работниот комитет се организира и работи во групи и подгрупи по области, обезбедувајќи застапеност на стручни лица од органите на управата, другите јавни институции, здруженијата, стопанството и установите од високото образование.

(3) Членовите на работниот комитет ги избира Советот по пат на јавен повик од редот на вработените во органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, другите јавни институции, здруженија и приватниот сектор.

(4) Работниот комитет ја спроведува техничката подготовка на текстот на Стратегијата и на Програмата и доставува нацрт текст до Советот.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 15

Во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон се формира Советот.

### Член 16

(1) Стратегиските плански документи од член 6 став (1) од овој закон, усвоени пред донесувањето на Стратегијата останувaат да важат до истекот на рокот за кој се однесуваат.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, стратегиските плански документи чија стратешка рамка, односно визијата за развој на областа или областите опфатени во Стратегијата, општите и посебните цели се во спротивност со визијата на долгорочниот национален развој, целите и приоритетите утврдени со Стратегијата, ќе се усогласат со Стратегијата во рок од две години од денот на донесувањето на Стратегијата.

### Член 17

Владата најдоцна во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе ги донесе. Подзаконските акти од членот 6 ставови (2) и (3) и членот 8 став (2) од овој закон.

### Член 18

Одредбите од членот 7 ставови (2), (4) и (5) од овој закон ќе започнат да се применуваат една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 19

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
**НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА НАЦИОНАЛНАТА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА**

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА НАЦИОНАЛНАТА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА

Предлог на законот за Националната развојна стратегија содржи 19 члена.

Со членот 1 се уредува општи одредби за предметот на законот

Статусот на Националната развојна стратегија е уреден со членот 2.

Во членот 3 се дефинираат клучните стратешки цели во структурата на Стратегијата како долгорочен плански документ.

Подготовката и спроведувањето на Стратегијата и начелата се уредени во член 4.

Донесувањето на Стратегијата и Програмата е регулирано со членот 5.

Усогласување на стратегиски плански документи со Стратегијата е обврска уредена во одредбите од членот 6.

Членовите 7 и 8 го прецизира планирањето, следењето и известувањето за спроведувањето и оценувањето на Стратегијата.

Управувачкиот состав кој го сочинуваат Националниот совет за развој, неговиот состав, работа и надлежност, неговата организација и организацијата на помошните тела на Советот, Управен одбор и Работниот комитет се предвидени во членовите 9,10,11,12,13 и 14 од Предлог на законот.

Членовите 15,16,17 и 18 се преодни одредби за Советот и подзаконските акти.

Членот 19 е завршна одредба.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и прават правна целина.

## III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените законски решенија се воспоставува правен основ и рамка за креирање на Националната развојна стратегија како долгорочен стратешки документ преку кој ќе се отслика меѓугенерацискиот, меѓуетничкиот, родовиот, меѓупартискиот и долгорочниот консензус за приоритетите на државите и ќе се обезбеди инклузивен и одржлив развој за поддршка и реализација на реформите за европска интеграција на нашата држава.